РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

*Комитет за следење на ИПАРД*


| Примено: 23.12.2011 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 1403 | 127/2 | | |


# Записник Бр. 8

## Записник од осмиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД

09 јуни, 2011/ Клуб на пратеници– Скопје

*Одлука бр.2:Комитетот за следење на ИПАРД го одобри предлог записникот* (8[ми]) осми (пролетен)состанок, одржан на 9ти јуни, 2011 како финален.

Арх. бр. 16-12738/2

Датум: 12.12., 2011

Скопје

## I. ЛИСТА НА УЧЕСНИЦИ

**Претседател на Комитетот за следење на ИПАРД**, **м-р Перица Иваноски**, Заменик министер за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ)

**Секретаријат на Комитетот за следење на ИПАРД:** Раководител на Тело за управување со ИПАРД (ТУ), **м-р Маргарита Делева** – Државен советник за рурален развој и Секретар на Комитетот за следење на ИПАРД, **г-ца Василка Тамбуркова,** Виш соработник за следење на спроведување на ИПАРД фондовите и известување

**Присутни членови на Комитетот за следење на ИПАРД и нивни заменици:**

1. **Г-ѓа Валентина Стојановиќ**, Шеф на кабинет, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство.
2. **Г-дин Абдилгафар Синани**, Раководител на сектор за земјоделство, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство.
3. **Г-ѓа Снежана Герасимова Матевска**,Советник, Министерство за култура
4. **Г-дин Јордан Кузмановски**, Директор, Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството.
5. **Г-ѓа Славица Јакимовска**, Државен советник, Министерство за локална самоуправа.
6. **Г-дин Александар Зарков**, замена за Г-дин Зоран Даневски ,Агробизнис комора
7. **Г-ѓа Јасмина Којчевска** замена за Г-дин Сашо Ристевски, Македонска Асоцијација на Преработувачи.
8. **Г-дин Андрија Секуловски**, Претседател, Федерација на Фармери во Република Македонија.
9. **Г-ѓа Наташа Вртеска**, Правен советник, Заедница на единиците на локалната самоуправа.
10. **Г-ѓа Олга Стоименова**, Претседател, Здружение на жени земјоделки „Агро-Винка", Виница.
11. **Г-ѓа Марија Дрварова,** замена за Г-ѓа Оливија Штерјова , Комора на занаетчии на Република Македонија.
12. **Г-дин Христо Ловачев замена за Г-ѓа Евгенија Серафимовска Киркова**, Секретаријат за Европски прашања.
13. **Г-дин Асен Дукоски замена за Г-дин Вељо Тантаров,** Солуз на земјоделци на Македонија.
14. **Г-дин Мирсат Есат,** замена за Г-ѓа Јадранка Иванова, Министерство за животна средина и просторно планирање.
15. **Проф.д-р Драги Димитриевски,** Декан, Факултет за земјоделски науки и храна
16. **Г-дин Васко Ристовски,** замена за Г-ѓа Стојмирка Тасева**,** Стопанска Комора на Р.М.

**Претставници на Европска Комисија (ЕК) со советодавна улога:**

1. **Г-дин Жерард Кили**, Раководител на Г4, Директорат за земјоделство и рурален развој, (ГД-Агри),
2. **Г-ца Елица Јанакиева**, Одговорен службеник за земјата кандидат, одделение Г.4., Директорат за земјоделство и рурален развој, (ГД-Агри),
3. **Г-дин Џон Баркер,** Програмски менаџер, Делегација на Европска Комисија во Република Македонија

.



ВТБ.

**Претставници на ИПАРД структурата:**

**1. Претставници од НАО и НФ :**

- **Г-ѓа Сузана Пенева**, Национален координатор за авторизација, Министерство за финансии,

**2. Претставници од Тело за Управување:**

- **Г-дин Виктор Младеновски**, Виш соработник, Одделение за следење на имплементација на ИПАРД фондови и известување.
- **Г-дин Александар Митревски**, Виш соработник, Одделение за програмирање и проценка на ИПАРД фондови.
- **Г-дин Стојан Гацов**, Советник, Одделение за програмирање и проценка на ИПАРД фондови.
- **Г-дин Игор Трошански**, Советник, Одделение за програмирање и проценка на ИПАРД фондови.

**3. Претставници од Агенција за Финансиска Поддршка во Земјоделството и Руралниот Развој (АФПЗРР):**

- **Г-дин Тони Димовски**, Директор на ИПАРД Агенција.
- **Г-дин Александар Антески,** Раководител на сектор за одобрување на проекти.
- **Г-ѓа Билјана Вукович ,** Раководител на сектор за правни работи.
- **Г-дин Панче Арсов,** Раководител на сектор контрола.

*Листа на проверка на присутност на членовите од состаноците на Комитетот за следење на ИПАРД е прикажана во* ***Прилог 1*** *од овој Записник.*

*Листа на набљудувачи е прикажана во* ***Прилог 2*** *од овој Записник.*

***Резултати: Претседателот на Комитетот и 17 членови и нивни заменици со право на глас (од вкупно 21 член со право на глас) учествуваа на состанокот. Со тоа се постигна кворум за донесување на соодветните одлуки.***

## II. ДНЕВЕН РЕД

Предложениот Дневен ред за овој состанок е прикажан во **Прилог 3** од овој Записник.

## III. РЕЗУЛТАТИ ОД СОСТАНОКОТ НА КОМИТЕТОТ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ИПАРД:

***1. Во врска со точка 1 од дневниот ред: "Почеток на состанокот "***

Состанокот го отвори Претседателот на Комитетот за следење на ИПАРД, посакувајќи им добредојде на сите присутни на состанокот и на претставниците од Европската Комисија (ЕК).

***2. Во врска со точка 2 од дневниот ред: "Одобрување на предлог Дневниот ред за 8" "всостанок на Комитетот за следење на ИПАРД"***

Претседателот се осврна на предлог Дневниот ред на состанокот и отвори дискусија по однос на предложените точки од истиот.

Г-ѓа Пенева замоли точката 11 да се помести после точката 7 од Агендата.

Во отсуство на забелешки, Претседателот ја усвои следнава одлука:

***Одлука бр.1.:***

*Комитетот за следење на ИПАРД го одобри предлог дневниот ред на (8ми) осми (пролетен) состанок на Комитет за следење на ИПАРД.*

*Конечниот Дневен ред е прикажан во* ***Анекс 1****.*

***3. Во врска со точка 3 од дневниот ред:"Усвојување на Записникот од претходниот (7ми) состанок на Комитетот за следење на ИПАРД (одржан на 16 декември, 2010 година )"***

Претседателот ги информираше членовите дека нацрт Записникот од 7-от состанок на Комитетот за следење на ИПАРД (одржан на 16 декември, 2010 година) беше доставен на коментари до сите членови на Комитетот и претставниците на Европската Комисија.

Г-ѓа Делева информираше дека коментарите од ФФРМ се ставени како Анекс на записникот, а во врска со коментарот дека целосно не е прикажана дискусијата на г-дин Кили, ќе биде приклучена кон записникот.

Во отсуство на забелешки, Претседателот ја усвои следнава:

***Одлука бр. 2:***

*Комитетот за следење на ИПАРД го одобри предлог Записникот од (7-от) седмиот (есенски) состанок, кој се одржа на 16 декември, 2010 година,вклучувајќи ги коментарите од ЕК,како финален.*

*Усвоениот Записник е прикажан во* ***Анекс 2****.*

***4. Во врска со точка 4 од дневниот ред:"Информација за спроведување на одлуките/заклучоците усвоени на претходниот (7ми) состанок на Комитетот за следење на ИПАРД, (одржан на 16 декември , 2010 година)***

Г-ѓа Делева информираше за напредокот во спроведувањето на Одлуките донесени на 7-от состанок на Комитетот за следење на ИПАРД, одржан на 16 декември 2010 година. Таа се задржа на одлуката бр.3 каде образложи дека Годишниот извештај за спроведување на ИПАРД Програмата е во подготовка и ќе биде поднесен до членовите на Комитетот за следење на ИПАРД на одобрување по пат на пишана процедура до 13.06.2011 год. и истиот ќе биде испратен до ЕК до 30.06.2011 год. Во однос на заклучокот бр.3 таа информираше дека само од ФФРМ се пратени по писмен пат предлози за модификација на ИПАРД .

Целосниот извештај е прикажан во **Анекс 3**

***5. Во врска со точка 5 од дневниот ред:"Информација од претходниот (3-ти) Комитетот за следење на ИПА, одржан на 3 декември, 2010***



Вод.

Г-дин Ловачев информираше за заклучоците и препораките од третиот ИПА Комитет за следење, оддржан на 3 декември, 2010 година.Тој истакна дека на ИПА Комитет за следење се донесени следните заклучоци :

1. Потребна е ревизија на административните капацитети и организациската поставеност во рамките на ИПАРД оперативната структура со цел исполнување на идните предизвици.
2. Направена е проверка на причините кои предизвикуваат големо одбивање на апликации од прვиот повик со цел подобрување на процесот и обезбедување поддршка на корисниците за следните повици во оваа Програма.
3. Подготовка на план за објавување на повици за ИПАРД 2011 со можност за зголемување на бројот на повици и со цел задоволување на потребите на корисниците.

Тој информираше и за препораките кои се дадени на третиот ИПА Комитет за следење:

1. Акредитацијата на новите мерки ќе биде во фокусот на вниманието, посебно акредитацијата на мерката за Техничка помош.
2. Третата модификација да биде завршена без никакви понатамошни одложувања.
3. Потребно е понатамошно работење за надминување на утврдените недоследности во националната правна и институционална рамка.
4. Посебно внимание да се посвети на задржување на добро обучените кадри.

Во однос на системите за управување и контрола, како што г-дин Ловачев информираше, следните заклучоци и препораки беа разгледани од страна на членовите на ИПА Комитетот за следење:

1. НАО е одговорен за одржување и уште повеќе за зголемувањето на квалитетот на системите за управување и контрола утврдени со секоја Оперативна структура, овозможувајќи редовно следење и информирање за надминување на останатите ризици од среден обем произлезени од Ревизорскиот извештај на Европската Комисија до Владата и Службите на Европската Комисија.
2. Акредитацијата за ДИС и пренос на надлежности за децентрализирано управување (особено за компонента 1) има најголем приоритет и е предуслов за имплементација на програмите од ИПА инструментот.
3. Да се зајакне и да се одржи соработката меѓу Оперативната структура и ефикасното користење на ИПА средствата и да ја следи имплементацијата на принципот за „партнерство и сопственост“.

Г-дин Ловачев, истотака информираше и за генерални заклучоци и препораки, како што следува :

**- во поглед на Планот за програми и избор на активности за постигнување на одредени цели:**

1. Дизајнот на проекти под сите Оперативни/Национални Програми се во согласност со приоритетите на земјата, како што се прикажани во МИПД.
2. Откако имплементацијата ќе започне за сите компоненти, ќе биде проследена со среднорочна евалуација за секоја компонента и на тој начин ќе понуди солидна основа за носење на заклучоци и препораки наспроти дизајнот на Програмите непотценувајќи ги карактеристиките на програмата.

- **во поглед на Одржливост или очекувана одржливост на промените предизвикани со помош на програмите:**

1. Заедничкиот Комитет за Следење повикува на споделување на добри практики утврдени во рамките на секторските комитети и идните подсекторски комитети.
2. Се препорачува избегнување на преклопување со друга билатерална и мултилатерална помош.
3. Онаму каде што е потребно да се остварат дополнителни вработувања и притоа да се искористат постоечките можности за обуки

Г-дин Ловачев информираше дека на ИПА комитет за следење е препорачано Секторските комитети за следење да се закаже пред состанокот на ИПА комитет за следење. Истотака информираше дека од членовите на ИПА комитет за следење е препорачано однапред да се закажат двата состаноци на Секторските комитети за следење за да се постигне навремено подготвување и поднесување на извештаите и ефективно работење на комитетите за следење. Овој пристап ќе помогне Заедничкиот ИПА комитет за следење да се одржува во декември секоја година и да се сумираат достигнувањата на сите пет компоненти. Новиот МИПД 2011 -2013 не е сеуште официјално усвоен од страна на ЕК, меѓутоа се очекува да биде завршен во следните неколку недели. Тој информираше дека за прв пат се подготвува официјалниот ИПА годишен извештај за имплементација, кој треба да биде пратен до ЕК до крајот на месец август 2011 год. а ќе претставува сублимат од годишниот извештај од сите пет компоненти. Во однос на мерките кои што се можни при губење на средства од ИПАРД 2007-2008, тој информираше дека националниот ИПА координатор испратил допис до Директорот на Генералниот директорат за земјоделство и рурален развој на 3 мај со којшто детално се наведени потенцијалните ризици за губење на средствата во однос на н+3 правилото за имплементација.

Г-дин Кили истакна дека н+3 правилото нема да се смени бидејќи регулирано е со друга похоризонтална регулатива. Во однос на исплатата однапред,тој истакна дека треба да видиме дали на земјата и требаат пари да ги плаќа корисниците и потоа сме спремни да покажеме флексибилност. Во однос на Техничката помош тој кажа дека може да се користи и без пренесување на правото на управување Тоа е наведено и во Секторската спогодба, меѓутоа постои ризик при користење на Техничката помош ако не усогласено според процедурите.

Во отсуство на забелешки, Претседателот го донесе следниот:

***Заклучок бр.1:***

*Комитетот за следење на ИПАРД се информираше за третиот ИПА Комитет оддржан на 3 декември, 2010 година и за заклучоците и препораките донесени на истиот.*

***6.1. Во врска со точка 6.1 од дневниот ред :"Испитување на резултатите на ИПАРД Програмата преку податоци – индикатори за следење"***

Г-дин Младеновски информираше за досегашните резултати од спроведување на ИПАРД Програмата и реализација на целите на Програмата врз основа на собраните податоци од следењето во периодот од декември 2009 до декември 2010.

Претседателот, истакна дека сега треба да имаме увид по мерка, и по под сектори колку е реалниот интерес бидејќи не е ист интересот за одредена мерка бидејќи во одредени сектори има недостаток на интерес, кои се причините, зошто по одредени мерки има мал интерес или пак треба да се направи подетална анализа по микрониво меѓутоа поврзано со причината за поставување на таа мерка.

Г-дин Секулоски, побара да добијат на писмено што е проблемот во одбивањето на проектите на апликантите.

Г-дин Димитриевски, предложи да се даде задача да се направи една длабинска анализа на ИПАРД Програмата Тој предложи, да се излезе да се види на самиот терен што ги спречува земјоделците да аплицираат.Да видиме дали во критериумите што се поставени при подготовка на ИПАРД Програмата ние сме отишле превисоко или некаде прениско за да може да го отвориме патот до поголема апсорпциона моќ кон овие европски фондови.

Г-дин Кили истакна дека бројот на поднесени апликации укажува на слаб интерес, но кога во земјоделството се нудат пари неможе да постои слаб интерес. Тој истакна дека посетеноста на веб страната укажува на добар интерес.Тој истакна дека има висок интерес, но тој не се изразува во поднесените апликации.Од друга страна и кај оние што пројавиле интерес резултатите се лоши. Стапката на одбивање е висока. Потребна е подетална анализа за да се утврдат причините за тоа.Во анализата треба покрај Телото за управување со ИПАРД да се вклучат сите присутни кои имаат допир со земјоделците и со нивните претставници. Тие се оние кои можат да се вклучат и помогнат на земјоделците. Тие се оние кои можат да се вклучат и помогнат на земјоделците при подготвување на апликациите . Тој истакна дека со тек на време и со решавање на проблемите оваа состојба ќе се подобри особено откако земјоделците ќе видат успешно реализирани ИПАРД проекти .Не очекувајте проблемот да се реши само од ИПАРД структурите.

Во отсуство на забелешки, Претседателот ја усвои следнава:

***Заклучок бр.2***

*Комитетот за следење на ИПАРД го задолжува Телото за управување со ИПАРД до следниот Комитет за следење на ИПАРД, во склоп на годишниот извештај за проценка на ИПАРД, да подготви детална информацја за успешноста по аплицирање по мерки, групи на мерки и сектори, со образложение за успешноста во однос на очекувањата поставени при подготовката на ИПАРД Програмата и со образложение за причините,доколку има причини по некоја мерка да ги елаборира причините за соодветните проблеми и да предложи мерки за нивно надминување.*

Полугодишниот извештај за следење на ИПАРД Програмата (за периодот декември 2010 – мај 2011) е прикажан во **Анекс 4.**



Вгб.

***6.2./6.3 Во врска со точка 6.2/6.3 од дневниот ред: "Состојба од третиот јавен повик за поднесување апликации за користење на средствата од ИПАРД Програмата 2007-2013 , од 28.02-14.04.2011 година." И "Извештај за одобрени/одбиени проекти"***

Г-дин Димовски, информираше за резултатите од првиот, вториот и третиот јавен оглас. Тој информираше дека во првиот јавен повик има 112 апликации, во вториот 112 и во третиот 74 апликации. Тој информираше дека Агенцијата констатира зголемување на процентот на одобрување на проектите со секој нареден повик, со првиот јавен повик беа склучени 27 договори, со вториот 36 и од третиот со прелиминарни согледувања од 74 апликации очекуваме да бидат склучени повеќе договори, односно стапката на одбивање ќе биде намалена и со овој јавен повик. Со секој јавен повик, Димовски истакна дека се надеваат дека ќе имаат подобро подготвени јавни повици а тоа се гледа во третиот јавен повик каде од 74 апликации веќе 40 може да се каже дека се веќе комплетни Исто така, Димовски истакна дека придонес дал и објавувањето на календарот со јавни повици, потенцијалните апликанти да бидат запознаени во кои периоди од годината ќе се објават јавни повици , што истотака придонесува да со одлучувањето во кој термин истите ќе се пријават и поквалитетно ќе ги подготват своите апликации.

Г-дин Антески даде краток осврт за третиот јавен повик.Тој информираше дека се доставени вкупно 74 апликации од кои 39 се по мерката 101, 13 се по мерката 103 и 22 апликации се по мерката 302. Тој информираше дека Агенцијата за прв пат доби две комплетни барања со првата достава и информираше дека 40 барања се веќе обработени и се пратени на проверка на соодветност по однос на критериумите по ИПАРД Програмата.Тој информирање и за проблемите за доставените проекти по однос на тековниот јавен повик, и истакна дека некои проблеми се надмината кои се појавиле во претходните два огласа меѓутоа останува одреден процент на апликанти коишто доставуваат апликации и сеуште се немаат пронајдено за типот на инвестицијата за којшто планираат да аплицираат. Тој подетално информираше за проблемите кои ги имаат апликантите во делот на конкретната понуда,во делот на потеклото на стоките, во делот на потпишани договори со изведувачите на градба, докажување на сопственост на користење на земјиште,во делот на комплетност на самите апликации,во делот на документи кои се издаваат од локална самоуправа каде не се по соодветниот образец. Меѓутоа тој информираше дека повеќе од проблемите од првиот и вториот јавен повик се надминати за третиот јавен повик.

Во врска со причините за одбивање, бидејќи многу проекти беа одбиени поради документи издадени од страна на општините, г-ѓа Вртешка истакна дека формуларите за издавање на"Потврда дека инвестицијата е во согласност со Стратегијата за локална самоуправа", издадена од општините, се доставува до општините од страна на Здружението на единиците на локалната самоуправа

Г-дин Антески истакна дека сеуште има општини кои издаваат потврда која не соодвествува со потврдата што ја бара ИПАРД Агенцијата.

***Заклучок бр.3:***

*Комитетот за следење со ИПАРД се информираше за резултатите од реализација на ИПАРД Програмата,вклучително за третиот јавен повик одобрени и одбиени проекти.*



Вр.

*Податоците за состојбата со од третиот јавен оглас за поднесување на барања за користење на средства на ИПАРД Програмата 2007-2013,, изработена од страна на ИПАРД Агенцијата и причините за одбивање на предмети во јавен повик 01/2009 и 01/2010 се дадени во* ***Анекс 5.***

***7. Во врска со точка 7 од Дневниот ред: Дискусија за измените на програмата и промените на финансиските табели во програмата.***

Г-ѓа Делева информираше дека од последниот предлог модификации што беше доставен на усвојување на 6 ти Комитет за следење на ИПАРД минатата година истиот беше подобрен со внесување на измените на легислативата за безбедност на храна. Владата во септември донесе одлука да се формира Агенција за храна и ветеринарство, како интегрирано Тело за управување авторитет за управување со системот за безбедност на храна на Р.М и согласно измените на законот за безбедност на храна програмата е адаптирана, каде се избришани претходно наведените институции Управа за ветеринарство и Дирекција за храна при Министерство за здравство заменети со соодветниот назив на новата институција. Таа информираше дека во тек на дискусиите за поднесување на техничкиот предлог на модификации, стигнато е писмо од ЕК за најава за намалување на апсорпцијата, односно предупредување за намалување на апсорпцијата или да се зголеми апсорпцијата и се покани Р.М да достави предлог за поголема апсорпција.Таа информираше дека на состаноците одржани со вицепремиерот Васко Наумовски биле разгледувани сите проблеми и критериуми на ИПАРД Програмата и предложено е што треба да се искорегира во ИПАРД Програмата се со цел да се зголеми апсорпцијата, преку олеснување на некои критериуми или пак проширување на обсегот на корисници на сметка на поголемите како и на помалите. Во таа насока подготвивме нов предлог на измени Ги вклучивме и зголемените средства за 2011 година со тоа што техничкиот предлог за технички измени на Програмата стана предлог за значителни измени на Програмата и истиот е поднесен од страна на вицепремиерот Васко Наумовски и е во фаза на финализација на листата на прифатливи инвестиции, со цел да може истиот да се дискутира со ЕК, сепак тоа е документ што го одобрува ЕК .Се надеваме дека до крајот на летото усогласениот предлог од ЕК ќе ви биде доставен по пат на пишана процедура на ваше одобрување .

Г-гица Елица побара да ја види листата на оправдани трошоци (LEE) и како предложените модификации ќе се одразат на листата. Од тоа што го обележавме може да се каже дека потребно е оправдување за модификациите, базирано на секторските анализи заради зголемување на горните граници на вкупната вредност на инвестициите.Таа истакна дека ЕК ги разгледа горните граници на вкупната вредност на инвестициите и забележа дека на некои места тие се дуплирани, но во секој случај бара оправдување базирано на секторската анализа , со цел да може да преговара со Р.М на таа тема.

Г-дин Кили истакна дека горните граници на вкупната вредност на инвестициите нема да бидат прифатливи (голем дел од нив). Во анализата на ЕК тој истакна дека со сигурност ќе постои забелешка дека во овој чекор се поддржуваат моќните земјоделци што не кореспондира со целите на програмата. Истакна дека со зголемувањето на граници на вкупната вредност на инвестициите може да предизвика и политички проблем во иднина доколку не се зголемуваат финансиските алокации по година. Тој целосно охрабрува

зголемување на програмата но во корист на типичните земјоделски производители и со реални лимити и оправданост.

Претседателот, истакна дека постои голема разлика кога станува збор за големината и обемот на производство во македонското земјоделство. Постојат производители кои бараат заштита на своите интереси и имаат мали потреби за инвестирање и поголеми производители кои се заинтересирани да инвестираат, но не ги исполнуваат потребните критериуми. Некаде помеѓу таму е помал бројот на лица кои се гледа како кандидати. На овој начин одредени напори мора да се направат за да се прилагодат некои од критериумите во однос на ова посериозни група на производители, бидејќи тие имаат најголема потреба за трансформација и прилагодување кон европските стандарди. Покрај тоа, тие се оние кои ќе мора да се учествуваат и да придонесите за успешен извоз на македонските земјоделски производи на единствениот европски пазар. Зголемувањето на лимитот за вклучување на посериозните земји инвеститори особено во делот на другите земји пред се во делот на овчарството, козарството итн. како и зголемување на капацитетите, со почитување на принципите на ИПАРД програмата за модернизација и подобрување на нивото на техничка квалификација на производители и фарми.

Г-ѓа Пенева, даде поддршка на барањата од МЗШВ за измени на ИПАРД Програмата пред се од аспект што писмото што беше упатено од претставниците од ЕК до Македонија по однос на барањето за доставување на акционен план за надминување на ризикот од губење на средства од алокатите за 2007-2008. Поради тоа давам поддршка на барањето од МЗШВ од аспект за зголемување на лимитите што претходно биле дефинирани во претходната ИПАРД Програма, пред се од аспект што негледам причини зошто големите фирми кои можат да повлечат развој и покрај нив да функционираат и помали фирми во тој ланец на производство да бидат исклучени од нештата да имаат добри бизнис планови, се спремни да инвестираат и со самото тоа можат да повлечат поголем дел од средствата што значи да се зголеми апсорпциониот капацитет на Македонија за користење на овие средства. Од друга страна добиваме укажување од ЕК дека треба да направиме нешто за да го зголемиме апсорпциониот капацитет и да не се доведеме во ситуација да губиме значителен износ на средства што и се доделени на Р.М. Од друга страна па сме лимитирани во нашите предлози како тој апсорпционен капацитет да го зголемиме. Таа истакна дека ИПАРД инструментот дизајниран каков што е за да се овозможи на индивидуалните земјоделци или на земјоделските стопанства да се преструктуираат за да може утре кога ќе влеземе во ЕУ истите тие фирми да бидат конкурентни на европскиот пазар. Таа истакна дека многу е јасно кој фирми можат да си дозволат да воведат нови технологии нови линии на производство за да можат утре да излезат на пазарот надвор од Македонија со своите производи и да бидат конкурентни на европскиот пазар.Многу е полесно голема фирма да ги поднесе трошоците отколку мала фирма. Останува ЕК да го разгледа нашето барање и се надеваме дека ЕК нема да постави таков лимит пред се затоа што побарано е од нас да доставиме мерки и активности за зголемување на апсорпциониот капацитет.

Г-дин Секулоски истакна дека малите производители имаат можност да се прилагода и да бидат компетентни на пазарот, но сепак постојат производители кои се толку мали, што не може да се прилагодат, и покрај сите активности што ги преземаат..Тоа е еден проблем којшто треба ние заеднички да го дискутираме и да не го запоставиме него да се спуштиме толку ниско и да кажеме дека во Р.М земјоделското стопанство е толку ситно и треба да одговара на овие потреби и да го направиме да стане конкурентно на пазарот.

Г-дин Драги истакна дека како академска заедница апелирам да не бидат лесно отфрлени овие модификации, бидејќи новите технологии влегување на науката тешко оди кај најмалите земјоделски стопанства.И поради тоа добро е да се прифатат модификациите на ИПАРД Програмата.

Претседателот,истакна дека од анализите коишто ги видовме за после три објавени огласи, за намалување на бројот на апликации, пристигнати апликации, зголемување на процентот на нивно прифаќање што може од првиот аспект да зборува дека треба нешто да се превземе во насока на зголемување на бројот на апликации. Како следен чекор предлагам воведување на нови мерки бидејќи има добра подготвеност од проектите и институциите се поподготвени и предлагам да се направи една анализа што е направено во однос на воведување на нови мерки пред се за мерките рурална инфраструктура, леадер и агроеколошки мерки.

Во отсуство на забелешки, Претседателот го донесе следниот:

***Заклучок бр.4:***
*Комитетот за следење на ИПАРД го задолжува Телото за управување со ИПАРД и ИПАРД Агенцијата во рок од еден месец да направи анализа за оправданоста и потребата за воведување на нови мерки (рурална инфраструктура, агроеколошките мерки и LEADER), моменталниот статус и досегашни одредени активности кои се превземени за овие мерки и да изготви акциски план за мерките (апроксимативен) со потрени чекори кои би биле потребни од аспект на акредитациониот процес.*

Г-дин Перица, истакна дека во делот за пристапност кон финансиски средства како еден од проблемите е дека огласите го лимитираат или од друга страна го зголемуваат апсорпциониот капацитет на проектите кои би можеле да бидат доставени.Постојат кредитни линии од страна на банките Банките се подготвени за финансирање на инвестициите од страна на земјоделството, имаме и финансиска линија која се финансира преку Македонска банка за поддршка и развој, меѓутоа би било добро да се разгледаат условите за финансирање на секторот.

Г-ѓа Туфа информираше дека АгБис проектот ќе добие две години продолжување и во рамките на тоа продолжување е предвидено една компонента, со тоа што имаат намера да посветат внимание на пристапот на финансиски средства за имплементирање на ИПАРД проекти.

Г-ѓа Пенева предложи МЗШВ од грантовите кои ги има да ги префрли за да се наполни ЗКДФ, а не да се зголемат критериумите.

Г-дин Перица истакна дека ТУ и МЗШВ можат да направат само анализа на критериумите и да достават предлог до Владата на Р.М односно можат да предложат апликантите да го плаќаат само нивниот дел за инвестиции а другиот дел да се обезбеди на трансвери на средства директно до добавувачите.

Во отсуство на забелешки, Претседателот го донесе следниот:

***Заклучок бр 5:***
*Комитетот за следење на ИПАРД го задолжува Телото за управување со ИПАРД и ИПАРД Агенцијата до 10 јули, да направат споредба какви се условите кои постојат за финансирање на проектите на апликантите кои аплицираат по ИПАРД Програмата во*



25

Г-дин Андрија информираше дека ФФРМ правеле анализа и откриле два проблема едниот е советодавната служба којашто оди преку подрачните единици и втората слабо има приватни советодавни служби и тоа е проблем како самите земјоделци да ги надокнадат своите средства ако е приватна советодавна служба.

Г-ѓа Делева информираше дека во тек е изготвување на национална стратегија за неформално образование во земјоделството, како комплементарен дел од тоа се анализи и на советодавните служби какви пакети се нудат веќе во Р.М , меѓутоа во дискусии со НИПАК секретаријатот таа истакна дека ќе побараме и финансиски средства од I компонента за зајакнување на советодавните служби за ИПАРД (приватни и јавни). Таа информираше дека би ги поднеле проектните задачи веднаш бидејќи бевме информирани од 2009 година има останато средства од I компонента бидејќи во систем е неопходна техничка поддршка.

***Заклучок бр.6:***
*Комитетот за следење на ИПАРД го задолжува Телото за управување со ИПАРД заедно со другите заинтересирани членови од Комитетот до средината на септември да изготви предлог инструмент кои би бил поддржан од Владата на Р.М во насока на формирање и користење на приватни советодавни служби.*

Г-дин Кили истакна дека од голема важност е обезбедувањето на извори за финансирање на ИПАРД проектите,особено во примарниот сектор.Постоењето на јавни и приватни советодавни служби е битно но ако корисниците неможат да си ги дозволат нивните услуги тогаш е залудно.Сето треба да биде помогнато од здруженијата на земјоделци.Ве охрабрувам да се фокусирате на потенцијалот на другите мерки од ИПАРД Програмата.

***Забелешка: Во согласност,со член 8 став 4 од Деловникот за работа на Комитетот за следење на ИПАРД,Претседателот и го додели на Г-ѓа Делева водењето на состанокот.***

***Забелешка:Г-ѓа Пенева го замеоли Заменик претседателот г-ѓа Делева точката 11 да биде по точката 7.***

***8. Во врска со точка 8 од дневниот ред:"Информација за функционирање на системот за управување и контрола на ИПАРД "***

Г-ѓа Пенева информираше дека во период од јануари до мај 2011 година Националниот фонд во Министерство за финансии одговорен за плаќањата кон ИПАРД Агенцијата од V компонента има процесионирано и одобрено 10 барања на средства кон ИПАРД Агенцијата со вкупен износ од 800 илјади евра од кои 600 илјади евра се средства од VИПА-ИПАРД компонента и 200 илјади евра се од делот на национално кофинансирање.Таа истакна дека во наредниот период ќе бидат во можност што поголем износ на ИПАРД средства да бидат насочени кон ИПАРД Агенцијата врз основа на склучените договори кои ѓи имаат со крајните корисници кои се во насока на апсорпција на средства кон оваа компонента.По однос на другите активности што ги спроведува Националниот координатор за авторизација и НФ за функционирањето на самиот систем за управување со овие средства истакна дека на полугодишна основа организираат риск

***8.2 "Дискусија /усвојување на предлог годишниот акциски план за спроведување на активности за техничка помош за 2011"***

Г-ѓа Делева таа информираше дека ова е истиот годишен Акциски план за користење на мерката Техничка помош кој беше предложен на 7ми Комитет за следење на ИПАРД кој на 7ми Комитет не беше усвоен, бидејќи немаше кворум и затоа го поднесовме по пат на пишана процедура.Таа информираше дека е добиен коментар од страна на претставникот на НИПАК секретаријатот и како што налага Деловникот за работа на Комитетот за следење на ИПАРД повторно го предлагаме пред членовите на Комитетот на усвојување со забелешките добиени од страна на НИПАК секретаријатот.

Во отсуство на забелешки, Претседателот го донесе следниот:

**Одлука бр.3**:
*Комитетот за следење на ИПАРД Програмата го разгледа и усвои Годишниот План за спроведување на мерките од ИПАРД Програмата 2007-2013 за Техничка помош за 2011, со вклучување на забелешката од НИПАК Секретаријатот.*

*Коментар од НИПАК секретаријат* ***Анекс 6***

***10.Во врска со точка10 од дневниот ред: "Информација/дискусија за резултатите од тековна проценка"***

Г-дин Митревски, информираше дека од минатиот комитет од декември па до сега активностите со проценката се минимални, се очекува ангажман на независен проценител,главната активност ќе биде од септември месец до крај на оваа година и на наредниот Комитет за следење на ИПАРД ќе доставиме извештај за тековна проценка .

**11.** ***Во врска со точка 11 од дневниот ред: Дискусија по однос на годишниот извештај за спроведување на ИПАРД***

Г-ѓа Делева информираше дека Годишниот извештај за спроведување на ИПАРД е финализиран и на 13.06.2011 ќе биде пратен по пат на пишана процедура на усвојување и коментирање на членовите на Комитетот за следење на ИПАРД а на 30.06.2011 ќе биде испратен до ЕК во предвидениот рок.

**12.** ***Во врска со точка 12 од дневниот ред:*** **Информација за спроведени контроли (контрола на лице место, превземени активности, годишен ревизорски извештај,изјава за усогласеност)**

Г-дин Панче информираше дека по првиот јавен повик од 2010 год. имаме извршено 47 контроли пред одобрување и две контроли пред исплата и моментално се одвиваат контролите пред одобрување. За првиот јавен повик од 2011 год. имаме извршено 7 контроли пред одобрување .Тпј истакна дека досега при контрола на лице место имаме од првиот јавен повик еден проект каде дел од инвестицијата е веќе почната од првиот јавен повик од 2010 год. три проекти започнати и имаме констатирано и шест проекти кадешто не постојат услови за реализирање на инвестицијата . Значи тие шест предмети се случија за инвестиции за микро-иригациони системи и при контрола на лице место е утврдено дека доводот на вода не се наоѓа на локацијата на која корисникот ( апликантот ) има право на сопственост на користење.

Г-ѓа Делева праша во која мерка при контролата има највеќе пропусти

Г-дин Панче кажа дека во првата мерка има нерегуларности каде станува збор за иригационите системи

Г-ѓа Делева истакна дека кај земјоделските производители треба повеќе да се ангажираме околу едукацијата за правилата и законските обврски бидејќи таа истакна дека ова е пред се законска обврска а не критериум на ИПАРД Програмата.

Г-дин Андрија посочи на повеќе проблеми со кои се соочуваат апликантите од кој еден проблем кој го имал апликант е доцнењето на контролата

Г-дин Панче информираше дека според процедурите на секторот за контрола, контролорите ја најавуваат контролата максимум 48 часа пред да се изврши контролата.

Г-ѓа Викович информираше дека ИПАРД Агенцијата има законски определен рок на барањата, како за ИПАРД Програмата така и за останатите програми кои ги спроведува ИПАРД Агенцијата, тоа е рок од 3 месеци.Таа информираше дека апликантите треба да знаат дека тој рок е оптимален за да можат службениците да ги извршат сите административни контроли и контролата на лице место.

Г-ѓа Делева информираше дека е направен годишен план за објавување на повици и истакна дека е добро во делот на публицитет да се акцентира контролата и да се зајакнат капацитетите на контролорите во ИПАРД Агенцијата.

***13. Во врска со точка 13 од дневниот ред:"Разно"***

**13.1 Информација за активности превземени во согласност со Годишниот план за комуникација и публицитет на ИПАРД Програмата за 2011.**

Г-ѓа Делева информираше дека е изготвен полугодишен извештај од страна на Тело за управување со ИПАРД (од декември минатата година до јуни оваа година) за активности превземени во согласност со Годишниот извештај за комуникација и публицитет на ИПАРД Програмата за 2011 год.

**Заклучок бр.7**

*Комитетот за следење со ИПАРД се информираше за активностите превземени во согласност со Годишниот план за Комуникација и публицитет на ИПАРД Програмата за 2011.*

*Извештај за активности превземени во согласност со Годишниот план за комуникација и публицитет на ИПАРД Програмата за 2011 е прикажан во* ***Анекс 7***

***13.2 ИПА Компонента I-Проекти на ИПАРД.***

**1.Усвојување и примена на европското законодавство за Заедничка земјоделска политика, а особено за основање на заедничка пазарна организација**



Зоб.

Г-дин Абот информираше подетално за главните резултати и активности на проектот за ИПАРД Програмата, подготвување на стратегија за организација на производители и група на производители , СВОТ Анализа:Производство и СВОТ Анализа :Пазар,за можните стратешки приоритети и цели.

**-Развој и спроведување на агроеколошки мерки**

Претставник од проектот за развој и спроведување на агроеколошки мерки ги образложи целта на Агро-еколошките исплати, подготовката на ИПАРД мерката 201, дефинирањето на пилот областите за спроведување на агро-еколошките исплати , агро-еколошките подмерки, условите за прифатливост на АЕМ и системот за имплементација на Агро-еколошките мерки.

*Презентација на проектот за усвојување и примена на европското законодавство за Заедничка земјоделска политика, а особено за основање на заедничка пазарна организација вклучен во* ***Анекс 8***

*Презентација на проектот за развој и спроведување на агроеколошки мерки вклучена во* ***Анекс 9***

**14. Во врска со точка 14 од дневниот ред: "Предлог Дневен ред за следниот (деветти) состанок на Комитет за следење на ИПАРД и усогласување на датумот за следниот состанок"**

Г-ѓа Делева предложи следниот Комитет за следење на ИПАРД да се оддржи во ноември 2011, а точната дата на состанокот ќе биде договорена во согласност со можностите на претставниците на Европската Комисија и го предложи Дневниот ред за следниот состанок.

Во отсуство на дополнителни коментари, Претседателот заклучи дека 8-от Состанок на Комитетот за следење на ИПАРД е завршен.

**ПОТПИСИ:**

| **ОД СТРАНА НА КОМИТЕТОТ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ИПАРД:** | **ОД СТРАНА НА СЕКРЕТАРИЈАТОТ:** |
|---|---|
| Зоран Коњановски | м-р Маргарита Делева |
| Титула: Претседател | Титула: Раководител на Телото за управување со ИПАРД |
| Потпис: | Потпис: |
| Датум: 12/12/2011 | Датум: 12/12/2011 |

## Листа за проверка на присутност на членовите на Комитетот за следење на ИПАРД

| Бр. | Титула и име на членовите | Институција | Присутен "√" | Отсутен "√" | Претставник "√" | Заменик | Последователни отсуства |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | М-р Перица Иваноски, Претседател | **МЗШВ** | √ | | | | 0 |
| **ДРЖАВНИ ИНСТИТУЦИИ** | | | | | | | |
| 2. | Г-ѓа Валентина Стојановиќ | **МЗШВ** | √ | | | | 0 |
| 3. | Г-дин Живко Брајковски | **МЗШВ** | | √ | | | 1 |
| 4. | Г-дин Абдилгафар Синани | **МЗШВ** | √ | | | | 0 |
| 5. | Г-ѓа Славица Јакимовска | **МЛС** | √ | | | | 1 |
| 6. | Г-ѓа Евгенија Серафимовска Кирковски | **СЕП** | | | √ | Г-дин Христо Лованчев | 0 |
| 7. | Г-ѓа Снежана Герасимова-Матеска | **МК** | √ | | | | 0 |
| 8. | Г-дин Илир Шабани | **МЕ** | | √ | | | 3 |
| 9. | Г-ѓа Јадранка Иванова | **МЖСПП** | | | √ | Г-дин Мирсат Есат | 2 |
| **АГЕНЦИИ** | | | | | | | |
| 10. | Г-дин Јордан Кузмановски | **АПРЗ** | √ | | | | 0 |

**Прилог 1 – Листа на присутни _7-ми состанок на Комитетот за следење на ИПАРД**

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 11. | Г-дин Љубиша Николовски | **Агенција за поддршка на претприемништвото** | | √ | | | 1 |
| **ЕКОНОМСКИ И СОЦИЈАЛНИ ПАРТНЕРИ** | | | | | | | |
| 12. | Г-ѓа Стојмирка Тасевска | **Стопанска комора на Македонија** | | | √ | Г-дин Васко Ристовски | 1 |
| 13. | Г-дин Зоран Даневски | **Сојуз на стопански комори** | | | √ | Г-дин Александар Зарков | 0 |
| 14. | Г-дин Сашо Ристески | **Македонска асоцијација на преработувачи** | | | √ | Г-ѓа Јасмина Којчевска | 0 |
| 15. | Г-дин Андрија Секуловски | **Федерација на фармери на Македонија** | √ | | | | 0 |
| 16. | Г-дин Вељо Тантаров | **Сојуз на земјоделци на Македонија** | | | √ | Г-дин Асен Дукоски | 1 |
| 17. | Г-ѓа Наташа Вртеска | **Заедница на единиците на локалната самоуправа** | √ | | | | 0 |
| 18. | Проф. Д-р Драги Димитриевски | **Факултет за земјоделски науки и храна** | √ | | | | 2 |
| 19. | Г-дин Борис Стојановски | **Движење на екологистите на Македонија** | | √ | | | 2 |
| 20. | Г-ѓа Олга Стоименова | **Здружение на жени земјоделки Агровинка, Виница** | √ | | | | 0 |
| 21. | Г-ѓа Оливија Штерјова | **Комора на занаетчии** | | | √ | Г-ѓа Маријана Дрварова | 0 |
| | **ВКУПНО** | **17** | **10** | **4** | 7 | | |

**Прилог 1 – Листа на присутни _7-ми состанок на Комитетот за следење на ИПАРД**

## Листа на набљудувачи на Комитетот за следење на ИПАРД:

### Претставници од државни институции:

1. Г-ѓа Билјана Костовска, Министерство за земјодество, шумарство и водостопанство,Мисија на Република Македонија при Европски Заедници,
2. Г-дин Горан Ковачев, Земјоделски кредитен дисконтен фонд, Министерство за финансии
3. Г-ѓа Весна Илиевска, Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството

### Претставници од Ревизорско Тело:

1. Г-ѓа Наташа Мисоска – Помошник на главниот ревизор за ИПА – Сектор за ревизија за компонента V - ДЗР
2. Јасмина Вукичевиќ – Сектор за ревизија за компонента V-ДЗР

### Претставници од социјални партнери:

1. Проф.д-р Љупчо Михајлов, Факултет за земјоделски науки и храна –УГД Штип
2. Г-дин Петар Георгиев – Мрежа за рурален развој на Р.М

### Дополнителни учесници и презентери:

1. Г-ца Соња Буковец, Тим лидер, Проект за развој и спроведување на агроеколошки мерки
2. Г-дин Хемфри Абот – Тим лидер, Проект за усвојување и примена на европското законодавство за Заедничка земјоделска политика, а особено за основање на заедничка пазарна економија

**Прилог 2 – Листа на набљудувачи на 8-ми состанок на Комитетот за следење на ИПАРД**

Нацрт Дневен ред
За осми Комитет за следење на ИПАРД

Датум: 09 јуни, 2011
Место: Клуб на пратеници - Скопје

1. Отварање на состанокот
2. Одобрување на предлог дневниот ред за осмиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД;
3. Усвојување на Записникот од претходниот (7-ми) состанок на Комитетот за следење на ИПАРД (одржан на 16 декември, 2010 година);
4. Информација за спроведување на одлуките/заклучоците усвоени на седмиот состанок на Комитет за следење на ИПАРД,
5. Информација од треттиот состанок на Комитетот за следење на ИПА, одржан на 3 декември, 2010 година
6. Состојба со спроведувањето на ИПАРД Програмата
6.1. Испитување на резултатите на ИПАРД Програмата преку индикаторите – податоците за следење
6.2. Состојба од третиот јавен повик за поднесување апликации за користење на средства од ИПАРД Програмата 2007-2013,од 28.02.-14.04.2011 год
6.3. Извештај за одобрени/одбиени проекти.
7. Дискусија за измените на програмата и промените на финансиски табели во програмата.
8. Активности во врска со Техничка помош
8.1 Напредок во подготовка за акредитација на мерката 505 – Техничка помош
8.2 Дискусија/усвојување на Годишен Акционен План за спроведување на Техничка Помош за 2011
9. Информација/дискусија од тековна проценка
10. Дискусија по однос на годишниот извештај за спроведување на ИПАРД
11.Информација за ефективно функционирање на системот за следење и контрола на ИПАРД
12. Информација за спроведени контроли (контрола на лице место, превземени активности, годишен ревизорски извештај, изјава за усогласеност)
13.Разно
13.1. Информација за активности превземени во согласност со Годишниот план за комуникација и публицитет на ИПАРД програмата за 2011
13.2 Извештај за напредокот на усогласување на националното законодавство во однос на ИПАРД а во согласност со НПАА и извештај за спроведување на TAIEX активности поврзани со ИПАРД

13.3 ИПА Компонента I – Проекти за ИПАРД
- Проект ИПА 2008 – Зајакнување на институционалниот капацитет за управување и спроведување на оперативните програми
- Проект ИПА 2008 - Усвојување и примена на националното законодавство во однос на Заедничката земјоделска политика на ЕУ, особено во однос на заедничко уредување на пазарите.
- Проект ИПА 2008 - Развој и спроведување на Агроеколошките мерки
14. Предлог дневен ред за следниот (9-ти) состанок и усогласување на датумот за следниот состанок

**Прилог 3 – Дневен ред за 8-ми состанок на Комитетот за следење на ИПАРД**

Дневен ред
За осми Комитет за следење на ИПАРД

Датум: 09 јуни, 2011
Место: Клуб на пратеници - Скопје

1. Отварање на состанокот
2. Одобрување на предлог дневниот ред за осмиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД;
3. Усвојување на Записникот од претходниот (7-ми) состанок на Комитетот за следење на ИПАРД (одржан на 16 декември, 2010 година);
4. Информација за спроведување на одлуките/заклучоците усвоени на седмиот состанок на Комитет за следење на ИПАРД,
5. Информација од треттиот состанок на Комитетот за следење на ИПА, одржан на 3 декември, 2010 година
6. Состојба со спроведувањето на ИПАРД Програмата
6.1. Испитување на резултатите на ИПАРД Програмата преку индикаторите – податоците за следење
6.2. Состојба од третиот јавен повик за поднесување апликации за користење на средства од ИПАРД Програмата 2007-2013,од 28.02.-14.04.2011 год
6.3. Извештај за одобрени/одбиени проекти.
7. Дискусија за измените на програмата и промените на финансиски табели во програмата
8. Информација за ефективно функционирање на системот за следење и контрола на ИПАРД
9. Активности во врска со Техничка помош
9.1 Напредок во подготовка за акредитација на мерката 505 – Техничка помош
9.2 Дискусија/усвојување на Годишен Акционен План за спроведување на Техничка Помош за 2011
10. Информација/дискусија од тековна проценка
11. Дискусија по однос на годишниот извештај за спроведување на ИПАРД

12.Информација за спроведени контроли (контрола на лице место, превземени активности, годишен ревизорски извештај, изјава за усогласеност)
13.Разно
13.1. Информација за активности превземени во согласност со Годишниот план за комуникација и публицитет на ИПАРД програмата за 2011
13.2 Извештај за напредокот на усогласување на националното законодавство во однос на ИПАРД а во согласност со НПАА и извештај за спроведување на TAIEX активности поврзани со ИПАРД
13.3 ИПА Компонента I – Проекти за ИПАРД
- Проект ИПА 2008 – Зајакнување на институционалниот капацитет за управување и спроведување на оперативните програми
- Проект ИПА 2008 - Усвојување и примена на националното законодавство во однос на Заедничката земјоделска политика на ЕУ, особено во однос на заедничко уредување на пазарите.
- Проект ИПА 2008 - Развој и спроведување на Агроеколошките мерки

**Прилог 3 – Дневен ред за 8-ми состанок на Комитетот за следење на ИПАРД**

14. Предлог дневен ред за следниот (9-ти) состанок и усогласување на датумот за следниот состанок

**Прилог 3 – Дневен ред за 8-ми состанок на Комитетот за следење на ИПАРД**